Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]


Архивски бр. 10/3-1124/3
Дата: 19.05.2014
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

ул."Св. Кирил и Методиј" бр. 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact@mioa.gov.mk
Сајт: www.mioa.gov.mk


Врз основа на член 29 став (2) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# РЕШЕНИЕ
## за одземање на лиценца за вршење на работи на процена од област на информатичка технологија

1. СЕ ОДЗЕМА лиценцата за процена од област на ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА издадена од Министерството за информатичко општество и администрација под бр. 001ИТ од 2012 година на Трговското друштво - ИНет ДОО Скопје со ЕМБС 4255275, со седиште на ул. Атинска бр. 12 во Скопје.

2. Се забранува на Трговското друштво - ИНет ДОО Скопје да поднесува барање за издавање лиценца за процена од областа на информатичка технологија во рок од три години од денот на одземањето на лиценцата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комората на проценувачи на Република Македонија до Министерството за информатичко општество и администрација достави Известување бр. 425/14 од 04.03.2014 година, за исполнување на условите за одземање на лиценца на овластен проценувач од област на информатичка технологија на Трговското друштво - ИНет ДОО Скопје. Известувањето е заведено во Министерството за информатичко општество и администрација под бр. 10/3-1124/1 од 10.03.2014 година. Во Известувањето се наведува дека Трговското друштво - ИНет ДОО Скопје не ја платило членарината за 2013 година на Комората на проценувачи, иако Комората на 05.12.2013 година на адресата за електронска пошта на Трговското друштво - ИНет ДОО Скопје

[redacted]

доставила опомена за плаќање на членарината до 15.12.2013 година.

Согласно член 38 став (1) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), проценувачите задолжително секоја година плаќаат годишна членарина. Ако овластениот проценувач уредно не ја плаќа членарината на Комората на проценувачи, лиценцата се одзема (член 29 став (1) алинеја 5 од Законот за процена). Во случај на неплаќање на годишната членарина, лиценцата се одзема во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од Комората на проценувачи (член 29 став (6) од Законот за процена).

Овластениот проценувач на кој му е одземена лиценцата од соодветна област поради неплаќање на годишната членарина, не може да побара издавање на нова лиценца за проценувач од соодветна област три години од денот на одземањето на лиценцата (член 29 став (10) од Законот за процена).

Имајќи го предвид горе наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Архивски бр. ___/__-__/___
Дата: 19.05.2014
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

ул."Св. Кирил и Методиј" бр. 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact@mioa.gov.mk
Сајт: www.mioa.gov.mk

Министер
м-р Иво Ивановски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
СКОПЈЕ

Изработил:
м-р Розалинда Стојова, Р.О.

Согласен: Државен секретар
м-р Јахи Јахија